АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 19.06.2015 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 4124 | 1 | |

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), се доставува

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** редовен

2. **Субјект на надзорот:** телевизиски програмски сервис на Трговско радиодифузно друштво КАНАЛ ТРИ ДООЕЛ Дебар

3. **Период опфатен со надзорот:** 5 јуни 2015 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 19 јуни 2015 година

5. **Предмет на надзорот:**

   - **Член 64 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (употреба на јазикот во програмите на радиодифузерите)
   - **Член 90 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (радиодифузерите што вршат дејност на регионално ниво се должни дневно да емитуваат најмалку 8 часа програма на телевизија);
   - **Член 92 ставови 1 и 14 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (радиодифузерите се обврзани дневно да емитуваат најмалку 40% изворно создадена програма во Република Македонија на македонски јазик и/или на јазиците на етничките заедници, од која половина во периодот од 7 до 19 часот);
   - **Правилник за обврските за емитување изворно создадена програма, музика, документарна и играна програма** („Службен весник на Република Македонија" бр. 180/14)

6. **Претходно изречена мерка:** нема

7. **Констатации од надзорот:**

Со редовниот надзор врз телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво КАНАЛ ТРИ ДООЕЛ Дебар, емитуван на 5 јуни 2015 година, **констатирано е прекршување на член 92 ставови 1 и 14 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (обврска дневно да емитува најмалку 40% изворно создадена програма во Република Македонија на македонски, албански и на турски јазик, бидејќи според програмскиот концепт кој е составен дел од дозволата за емитување сервисот го емитува на македонски, албански и на

турски јазик, од која половина треба да емитува во периодот од 7:00 до 19:00 част).

Со надзорот е констатирано дека на 5 јуни 2015 година, телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво КАНАЛ ТРИ ДООЕЛ Дебар, емитуваше 1 час 4 минути и 30 секунди програма изворно создадена во Република Македонија на македонски, албански и на турски јазик, што е **5,18%** од вкупно емитуваната програма во текот на денот која влегува во пресметка за изворно создадена програма (20 часа 48 минути и 16 секунди). Законскиот минимум од 40% за емитување изворно создадена програма во текот на еден ден, во однос на вкупно емитуваната програма на 5 јуни што влегува во пресметка за изворно создадена програма (20:48:16), е 8 часа 19 минути и 18 секунди. Програмскиот сервис на ТРД КАНАЛ ТРИ ДООЕЛ Дебар, емитувал за 7 часа 14 минути и 39 секунди помалку изворна програма од тоа време.

Во периодот од 07:00 до 19:00 часот, исто така, не емитуваше најмалку половина од законски утврдениот минимум од 40% изворно создадена програма во РМ на македонски, албански и на турски јазик. Половина од законскиот минимум изнесува 4 часа 9 минути и 39 секунди изворно создадена програма во РМ на македонски, албански и на турски јазик, колку што најмалку требало да биде емитувано на програмата на ТРД КАНАЛ ТРИ ДООЕЛ Дебар, во периодот од 07:00 до 19:00 часот. Во овој период, како што е констатирано со надзорот, емитувани се 1 час 4 минути и 39 секунди изворно создадена програма во РМ на македонски, албански и на турски јазик, што е за 3 часа и 5 минути помалку од потребниот минимум.

8. **Опис на прекршувањето:**

**Спротивно на член 92 ставови 1 и 14 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,** програмскиот сервис на Трговско радиодифузно друштво КАНАЛ ТРИ ДООЕЛ Дебар, на 5 јуни 2015 година, не емитуваше најмалку 40% програма изворно создадена во Република Македонија на македонски, албански и на турски јазик, ниту пак, најмалку половина од неа ја емитуваше во периодот од 07:00 до 19:00 часот.

9. **Предлог мерка:**

- Директорот на Агенцијата да донесе решение со кое ќе го опомене Трговското радиодифузно друштво КАНАЛ ТРИ ДООЕЛ Дебар и согласно точка 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-2760/1 од 06.04.2015 година, да му наложи во рок од 30 дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги; и

- Да се изврши контролен надзор за почитувањето на член 92 ставови 1 и 14 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот), постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на директорот на Агенцијата.

***Сектор за програмски работи***